# INTRODUCING A CREDIT SYSTEM IN VOCATIONAL EDUCATION AND TRAINING

**Laste Spasovski, Ph.D**
Vocational education and training centre – Skopje, Republic of Macedonia
spalaste@yahoo.com
**Robert Dimitrovski, PhD**
Faculty of Management, MIT University, Skopje, Macedonia dimitrovski.r@gmail.com
**Liljana Pushova, MSc**
Faculty of Management, MIT University, Skopje, Macedonia liljanapusova@yahoo.com

**Abstract:** The need for continuous learning and improvement of knowledge, skills and competencies of individuals is of crucial importance for competitiveness and social cohesion of the EU countries. The vocational education and training have special and important role in the process of achiving this need. Studies and analyzes made in many countries show that there are numerous reasons that limit the availability of education and training of individuals and the problems associated with the accumulation and assembly of learning outcomes achieved in various contexts of learning. The consequence is hampered mobility of individuals within the country, but also within the European education and labor market. As a result, in many strategies, declarations and recommendations of the European Union it's bigger the need for greater visibility of qualifications as a basis for establishing a closer connection between education systems to the needs of the labor market as a basis for raising the level and quality of employment. Within these documents is noted in particular the importance of the transfer of credit points in vocational education and training as one of the conditions required to ensure comparability, portability and recognition of qualifications (whole or partial) at various levels within the state but also between different countries. To be allowed more flexibility in vocational education and training, based on the approach of learning results, countries are encouraged to establish, utilize and promote common European instruments for transparency, such as: European credit system in vocational education and training (ECVET), European qualifications framework and Europass.
With the establishment of the credit system in vocational education and training will allow:
- Easier validation and recognition of knowledge, skills and competences acquired in different systems and different countries;
- Greater compatibility between different systems of vocational education and training;
- Greater employability and confidence of employers in qualifying.
The credit system in vocational education and training is based on the **learning results** as expressions of knowledge, skills and competencies that can be acquired in different contexts of learning, **units of learning outcomes** that can be assessed and confirmed in the **ECVET points** as well.
**Keywords:** credit system in vocational education and training, qualifications, results of learning, ECVET points, units of learning results.

# ВОВЕДУВАЊЕ НА КРЕДИТ СИСТЕМ ВО СТРУЧНОТО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА

**Проф. д-р Ласте Спасовски**
Центар за стручно образование и обука – Скопје, Република Македонија spalaste@yahoo.com
**Проф. д-р Роберт Димитровски**
Факултет за менаџмент, МИТ Универзитет. Скопје, Македонија
**м-р Лилјана Пушова**
Факултет за менаџмент, МИТ Универзитет. Скопје, Македонија

**Резиме:** Потребата за континуирано учење и унапредување на знаењата, вештините и компетенциите на поединците има пресудно значење за конкурентноста и социјалната кохезија на земјите од Европската унија. Во задоволувањето на оваа потреба, посебна и значајна улога има стручното образование и обука. Проучувањата и анализите направени во многу земји покажуваат дека постојат бројни причини кои ја ограничуваат достапноста на образованието и обуката на поединците и проблеми поврзани со акумулирањето и собирањето на резултатите од учењето постигнати во различни контексти на учење.

Последица на тоа е отежнатата мобилност на поединците внатре во земјата, но и во рамките на европско образование и пазар на труд. Како резултат на тоа, во многу стратегии, декларации и препораки на Европската унија, се истакнува потребата од поголема прегледност на квалификациите како основа за воспоставување на потесна врска помеѓу образовните системи со потребите на пазарот на трудот, како основа за подигање на нивото и квалитетот на вработувањето. Во рамките на овие документи, особено се истакнува важноста на пренесувањето на кредитните поени во стручното образование и обука како еден од условите потребни за овозможување на споредливост, преносливост и признавање на квалификациите (интегрални или парцијални) на различни нивоа внатре во државата, но и помеѓу различни држави. За да се овозможи поголема флексибилност на системите за стручно образование и обука, засновани на пристапот на резултати од учење, земјите се поттикнуваат да ги воспостават, користат и промовираат заедничките европски инструменти за транспарентност, како што се: Европски кредит систем во стручното образование и обука (ЕКВЕТ), Европска рамка за квалификации и Еуропас.
Со воспоставувањето на кредит систем во стручното образование и обука ќе се овозможи:

- полесно вреднување и признавање на знаењата, вештините и компетенциите кои се стекнуваат во различни системи и различни земји;
- поголема компатибилност помеѓу различни системи на стручно образование и обука;
- поголема вработливост и доверба на работодавачите во квалификациите.

Кредит системот во стручното образование и обука се заснова на **резултати од учење** како искази за знаење, вештини и компетенции кои можат да се стекнат во различни контексти на учење, **единици на резултати од учење** кои можат да се оценуваат и потврдуваат и на **ЕКВЕТ поени**.
**Клучни зборови:** кредит систем во стручно образование и обука, квалификации, резултати од учење, ЕКВЕТ поени, единици на резултати од учење

Иницијативите за економска и социјална интеграција на земјите во Европа на преден план ја истакнаа потребата од зајакнување на мобилноста, трансферот на искуствата и транспарентноста на квалификациите. За таа цел, во 2006 година беше лансирана идејата за трансформација на стручното образование според методологијата на Европскиот кредит систем во стручното образование (ECVET – European Credit system for Vocational Education and Training) [7]. ЕКВЕТ претставува систем за пренос, акумулација и признавање на резултатите од учењето (Learning Outcomes) во стручното образование и обука во Европа. Неговата намена е да го олесни преносот, акумулацијата и признавањето на резултатите од учењето. Целта на ЕКВЕТ е да овозможи трансфер, признавање и акумулирање на оценети резултати од учењето кај поединци кои сакаат да стекнат квалификација. Тој треба да ја подобри општата разбирливост на резултатите од учењето, онака како што се постигнати од младите/возрасните, како и нивната транспарентност, транснационална мобилност и преносливост во и надвор од земјата. Воедно , се очекува да ја подобри мобилноста и преносливоста на квалификациите на национално ниво меѓу различните стопански сектори и во рамките на пазарот на труд, како и да придонесе за развивањето и проширувањето на европската соработка во образованието и обуката.[8]

ЕКВЕТ се базира на заедничките начела за осигурување квалитет утврдени во Заклучоците на Советот од 28 мај 2004 година за Осигурување квалитет во стручното образование и обука и во Препораката на Европскиот парламент и на Советот од 18 јуни 2009 година за Воспоставување на Европска референтна рамка за осигурување квалитет во стручното образование и обука[9].

ЕКВЕТ се применува кај сите резултати од учењето кои во начело можат да се постигнат преку разновидни текови и начини на образование и учење ни сите нивоа на Европската рамка на квалификации во контекст на доживотното учење („ЕРК“), а потоа да се трансферираат и признаат. На тој начин, ЕКВЕТ придонесува кон поглобалните цели на унапредување на доживотното учење и зајакнување на вработливоста, отвореноста кон мобилност и социјалната инклузија на оние кои се во процес на труд и оние кои се во процес на учење. Тој особено го поттикнува развивањето на флексибилни и индивидуализирани патишта и признавањето на оние резултати од учењето кои се стекнати по пат на неформално и информално учење.

[7] Commission of the European Communities (2006). European Credit system for Vocational Education and Training (ECVET). A system for the transfer, accumulation and recognition of learning outcomes in Europe. SEC(2006) 1431

[8] Препорака на Европскиот Парламент и на Советот, од 18 јуни 2009 година, за воспоставување на Европски кредит трансфер систем за стручно образование и обука (ЕКВЕТ), Службен весник на Европската Унија, 8.7.2009

[9] Службен весник на Европската Унија, 8.7.2009, p1.

Преку донесување на транспарентни начела за осигурување квалитет во стручното образование и обука, како и со размена на информации и развивање на партнерства меѓу институциите надлежни за квалификации, давателите на услуги за стручно образование и обука и другите релевантни засегнати страни, треба се придонесе за градење на взаемна доверба и имплементирањето на ЕКВЕТ.

ЕКВЕТ треба да обезбеди компатибилност, споредливост и комплементарност на кредит системот кој се применува во стручното образование и обукаи Европскиот систем за трансфер и акумулирање кредити („ЕКТС“), кој се користи во високото образование, и со тоа да придонесе за поголема пропустливост меѓу различните нивоа на образование и обука, во согласност со релевантното законодавство и практики.

Имплементацијата на ЕКВЕТ во стручното образование и обука треба да:

- ја олесни и поттикне мобилноста на учениците во и надвор од образовниот систем;
- го олесни патот до пазарот на труд, преку вреднување и признавање на стекнатите компетенции;
- овозможи акумулација на кредитни поени, потребни за завршување на образовната програма и пренос на кредитните поени од една на друга образовна програма;
- го олесни повторното вклучување на лицата во образованието и доживотното учење;
- го олесни признавањето на резултатите од учењето, стекнати во формалното, неформалното и информалното учење;
- поттикне планирање на различни видови на активности за учење на учениците со цел достигнување на целите на програмата (практична настава, проектна работа, семинарски работи, самонасочено учење, и сл.).

ЕКВЕТ се надоврзува на Препораката на Европскиот парламент и на Советот од 23 април 2008 година за воспоставување на Европска рамка на квалификации во контекст на доживотното учење[10] која им препорачува на Земјите членки да ги подобруваат врските меѓу ЕРК и постојните или идните Европски системи за трансфер и акумулирање на кредити во високото образование и во стручното образование и обука. Додека главната цел на ЕРК е зајакнување на транспарентноста, споредливоста и преносливоста на стекнатите квалификации, ЕКВЕТ има за цел овозможување на трансфер, признавање и акумулирање на резултатите од учењето на поединците на нивниот пат кон стекнување на квалификација.

ЕКВЕТ ги зема превид одлуката на Европскиот парламент и на Советот (од 15.12. 2004 година) за Единствена рамка за транспарентност на квалификации и компетенции (Еуропас)[11] и одлуката (од 18.12.2006 година) за транснационална мобилност во рамки на ЕУ за цели на образование и обука: Европска повелба на квалитет за мобилност[12].

ЕКВЕТ претставува техничка рамка за трансфер, признавање и, таму каде што тоа е соодветно, акумулирање на резултатите од учењето на поединците со цел стекнување на квалификација. Алатките и методологијата на ЕКВЕТ содржат опис на квалификациите во вид на единици резултати од учењето со соодветно утврдени поени, процес за трансфер и акумулирање и комплементарни документи како што се *договори за учење*, *преписи на документи* и *упатства за користење на ЕКВЕТ*.

ЕКВЕТ има за цел да овозможи признавање на резултатите од учењето во согласност со домашното законодавство, во една рамка на мобилност, со цел стекнување на квалификација. ЕКВЕТ не подразбира никакви новостекнати права на граѓаните автоматски да им се признаат резултати од учењето или поени. Неговата примена за определена квалификација се придржува до законодавството, правилата и регулативите кои важат во една земја и е заснована врз посебни начела и технички спецификации, како што се: единици на резултати од учењето, трансфер и акумулирање на резултати од учењето, договор за учење и индивидуален препис, ЕКВЕТ поени и сл.

## ЕДИНИЦИ НА РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕТО

Единица на резултати од учењето преставува компонента на квалификација, која се состои од кохерентен сет на знаење, вештини и компетентност кој може да се оцени и валидира со одреден број на сразмерни ЕКВЕТ поени. Една квалификација во начело се состои од неколку единици на резултати од учењето, односно од цел сет единици. Така, еден ученик може да стекне квалификација преку акумулирање на потребните единици, постигнати во различни земји и различни контексти (формални и, каде што тоа е соодветно, неформални и информални), придржувајќи се до домашното законодавство кое се однесува на акумулирање на единици и признавање на резултатите од учењето.

Единиците на резултатите од учењето кои сочинуваат една квалификација треба да се:

[10] OJ C 111, 6.5.2008, стр. 1.
[11] OJ L 390, 31.12.2004, стр. 6.
[12] OJ L 394, 30.12.2006, стр. 5.

- опишани на читлив и разбирлив начин и да ги посочат содржаните знаења, вештини и компетенции;
- конструирани и организирани на кохерентен начин во поглед на општата квалификација;
- конструирани на начин кој овозможува дискретно оценување и валидација на резултатите од учењето содржани во таа единица.

Единицата на резултатите од учењето може да биде специфична за една квалификација или заедничка за неколку квалификации. Очекуваните резултати од учењето кои ја дефинираат единицата можат да се постигнат без оглед на тоа каде или како се остварени.
Правилата и процедурите за дефинирање на карактеристиките на единиците на резултатите од учењето и за комбинирање и акумулирање на единици за определена квалификација се дефинираат од надлежни институции и партнери кои се вклучени во процесот на обука според домашни или регионални правила.

Спецификациите за една единица на резултати од учење треба да ги содржат:

- генеричкиот назив на единицата;
- генеричкиот назив на квалификацијата (или квалификациите) на кои се однесува единицата на резултатите од учење таму каде што ова е соодветно;
- референцата на квалификацијата според нивото од националната рамка на квалификации (НРК) и според нивото од ЕРК и, таму каде што ова е соодветно, заедно со ЕКВЕТ кредитните поени определени за квалификацијата;
- резултатите од учењето содржани во единицата;
- процедурите и критериумите за оценување на резултатите од учењето;
- ЕКВЕТ поените определени за единицата;
- временската валидност на единицата, доколку е релевантна.

Обемот на секоја единица на резултати од учењето во наставните планови за стручно образование и обука (модул, предмет, компетенција) која е започната и завршена во една учебна година не треба да биде со вредност помала од 4 ЕКВЕТ поени ниту поголема од 10 ЕКВЕТ поени. Пожелно е потесните стручни модули да носат ист број на ЕКВЕТ поени. Тоа овозможува со нивно комбинирање да се обезбеди разновидност на излезните квалификации, да се зголеми можноста за избор во рамките на наставниот план и стекнатите кредитни поени т.е. успешно завршените модули да можат да се пренесуваат меѓу различни наставни планови и програми. Истото ова важи и за изборните модули.
Во функција на поголема флексибилност на наставните планови во стручното образование и обука, потребно е, при дефинирањето на јадровниот наставен план (кор – курикулум) за сите нивоа на стручното образование и обука да се одреди обемот на теоријата и практичното образование само со вкупниот број на ЕКВЕТ поени (проценти или наставни часови), без распределба по поедини предмети или години на образование.

**ТРАНСФЕР И АКУМУЛИРАЊЕ НА РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕТО, ЕКВЕТ ПАРТНЕРСТВА**

Во ЕКВЕТ, единиците на резултатите од учењето постигнати во едно окружување се оценуваат и потоа, откако успешно ќе се оценат, се трансферираат во друго окружување. Во овој втор контекст, тие се валидираат и признаваат од надлежна институција како дел барањата на квалификацијата која лицето се стреми да ја стекне. Потоа, единиците на резултатите од учењето можат да се акумулираат кон заокружување на квалификацијата, во согласност со домашни или регионални правила. Процедурите и упатствата за оценување, валидација, акумулирање и признавање на единиците на резултати од учењето се дизајнираат од релевантни надлежни институции и партнери вклучени во образовниот процес.
Трансферот на кредити заснован на ЕКВЕТ кој се применува на резултати од учењето постигнати во формален образовен контекст треба да се овозможи преку формирање на партнерства и мрежи кои вклучуваат надлежни институции, овластени во сопственото окружување да доделуваат квалификации или единици или кредити за постигнати резултати од учењето заради трансфер и валидација.

Воспоставувањето на партнерства има за цел:

- да обезбеди општа рамка за соработка и вмрежување меѓу партнерите, утврдена во ***Меморандум за разбирање*** со кои се воспоставува клима на взаемна доверба;
- да им помогне на партнерите во дизајнирањето на специфична поставеност на трансферот на кредити за учениците.

Меморандумот треба да потврди дека партнерите:
- го прифаќаат статусот на другите парнети како надлежни институции;
- ги прифаќаат критериуми и процедурите на другите партнери за осигурување квалитет, оценување, валидација и признавање како задоволителни за целта на трансфер на кредити;
- се согласуваат со условите за функционирање на партнерството, како што се целите, времетраењето и решенијата за преглед на Меморандумот;
- се согласуваат со споредливоста на односните квалификации за целта на трансфер на кредити, применувајќи ги референтните нивоа утврдени во Европската рамка на квалификации;
- утврдуваат други учесници и надлежни институции кои можат да се вклучат во процесот и нивните функции.

За да може да се примени ЕКВЕТ на резултатите од учењето постигнати во неформален и информален контекст на учење или надвор од рамката на некој Меморандум, надлежната институција која е овластена да доделува квалификации или единици или кредити треба да утврди процедури и механизми за идентификација, валидација и признавање на овие резултати од учењето по пат на доделување на соодветни единици и со тоа поврзани ЕКВЕТ поени.

**ДОГОВОР ЗА УЧЕЊЕ И ИНДИВИДУАЛЕН ПРЕПИС**

При примена на трансфер на кредити кој вклучува два партнера и конкретен мобилен ученик, се склучува ***Договор за учење*** меѓу двете надлежни институции вклучени во процесот на обука и валидација и ученикот, во рамки на еден Меморандум. Договорот треба:
- да ја прецизира надлежната „институција испраќач“ и „институција примател“[13],
- да ги конкретизира посебните услови за период на мобилност, како на пример идентитетот на ученикот, времетраењето на периодот на мобилност, резултатите од учењето кои се очекува да се постигнат и односните ЕКВЕТ поени.

Договорот за учење треба да утврди дека, ако ученикот ги постигне очекуваните резултати од учењето и тие позитивно се оценат од „институцијата примател“, „институцијата испраќач“ треба да ги валидира и признае како дел од барањата на квалификацијата, согласно правилата и процедурите утврдени од надлежната институција.

Трансферот меѓу партнери може да се однесува на резултати од учењето постигнати во формален и, таму каде што ова е соодветно, неформален и информален контекст. Така, трансферот на кредити за постигнати резултати од учењето се одвива во три фази:
- „институцијата примател“ ги оценува постигнатите резултати од учењето и на ученикот му доделува кредити; постигнатите резултати од учењето и соодветните ЕКВЕТ поени се забележуваат во „***индивидуалниот препис***“ на ученикот[14];
- „институцијата испраќач“ ги валидира кредитите во вид на соодветен документ на постигањата на ученикот;
- „институцијата испраќач“ ги признава стекнатите резултати од учењето; ова признавање овозможува доделување на единиците на резултатите од учење и нивните соодветни ЕКВЕТ поени, во согласност со правилата на системот на „институцијата испраќач“.

Валидацијата и признавањето од страна на надлежната „институција испраќач“ зависи од оценувањето на резултатите од учењето како успешно од страна на надлежната „институција примател“, во согласност со договорените процедури и критериуми за осигурување квалитет.

**ЕКВЕТ ПОЕНИ**

ЕКВЕТ поените даваат комплементарни информации за квалификациите и единиците на резултатите од учењето во нумеричка форма. Тие немаат никаква вредност независно од стекнатите резултати од учењето за определена квалификација на кои се однесуваат, а воедно го одразуваат постигањето и

[13] „Институција испраќач“ е онаа институција која ќе ги валидира и признае резултатите од учењето постигнати од ученикот. „Институција примател“ е онаа институција каде се одвива обуката за резултатите од учењето и која ги оценува постигнатите резултати од учењето.

[14] Индивидуален препис претставува документ во кој се забележени деталните податоци за проценетите резултати од учењето на ученикот, единиците и доделените ЕКВЕТ поени.

акумулирањето на единици на резултати од учењето. За да се овозможи заеднички единствен пристап кон користењето на ЕКВЕТ поени, се применува конвенција според која се доделуваат 60 поени за резултати од учењето кои се очекува да се постигнат во тек на една година формално редовно стручно образование и обука.

Во ЕКВЕТ, поените обично се распределуваат во две фази: ЕКВЕТ поени се распределуваат прво за една квалификација како целина а потоа на нејзините единици (модули, предмети, активности). За определена квалификација, се зема како референтен еден формален контекст на учење и, врз база на конвенцијата се утврдува вкупниот број поени за таа квалификација. Од овој вкупен број, потоа се распределуваат ЕКВЕТ поени на секоја единица според нејзината релативна тежина во рамките на квалификацијата.

За квалификации кои немаат референтни формални патишта за учење, ЕКВЕТ кредит поените можат да се распределат со проценка преку споредување со друга квалификација која има референтен формален контекст. За да се утврди споредливоста на квалификациите, надлежната институција треба да се повика на соодветното ниво во Европската рамка на квалификации или по можност на нивото во Националната рамка на квалификации, или на сличноста меѓу резултатите од учењето во сродно стручно поле.

Релативната тежина на една единица на резултати од учењето, во однос на определена квалификација, се утврдува во согласност со следниве критериуми или нивна комбинација:

- релативната важност на резултатите од учењето кои сочинуваат единица за учество на пазарот на труд, за напредување кон други нивоа на квалификации или за социјална интеграција;
- комплексноста, опфатот и обемноста на резултатите од учењето во единицата;
- оптовареност неопходна за ученикот да стекне знаење, вештини и компетентност кои се потребни за единицата.

Релативната тежина на било која единица на резултати од учењето која е заедничка за неколку квалификации, изразена во ЕКВЕТ поени, може да варира од една до друга квалификација.

Доделувањето на кредитните поени на секоја единица на резултати од учењето подразбира:

- број на наставни часови (контакт часови) меѓу ученикот и наставникот предвиден со единицата на резултатите од учење (модулот/предметот...);
- број на часови за индивидуална работа за одредена единица на резултати од учењето (модул/предмет...) т.е. домашни работи, проучување на литература, подготовка за настава, семинарски или проектни трудови, самостојна изработка на илустрации, модели и сл.;
- број на часови за практично образование/обука (на училиште или во фирма).

Распределувањето на ЕКВЕТ поени обично претставува дел од дизајнот на квалификациите и единиците на резултатите од учењето. Тие се дефинираат од страна на надлежна институција која е одговорна за дизајн на квалификацијата или е особено овластена за оваа задача.

Обемот на слободните активности треба да биде изразен преку кредитни поени, како и завршниот испит и матурскиот испит. Завршниот испит треба да се вреднува со вкупно 5 кредитни поени а матурскиот испит со вкупно 10 кредитни поени.

Успешното стекнување на квалификација или на единица на резултати од учењето повлекува доделување на соодветни ЕКВЕТ поени, независно од реалното време кое е потребно тие да се стекнат.

Трансферот на единица на резултати од учење вообичаено подразбира трансфер на соодветните ЕКВЕТ поени така што тие се вклучени кога ќе се признаат трансферираните резултати од учењето, во согласност со домашни или регионални правила.

Секоја квалификација стекната по пат на неформално или информално учење за која може да се утврдат формални патишта за учење, и нејзините соодветни единици на резултати од учењето, носат исти ЕКВЕТ поени како и референтната вредност, бидејќи се постигнати истите резултати од учењето.

**ЛИТЕРАТУРА**

[1] Commission of the European Communities (2006). European Credit system for Vocational Education and Training (ECVET). A system for the transfer, accumulation and recognition of learning outcomes in Europe. SEC(2006) 1431

[2] Copenhagen Declaration Declaration of the European Ministers of Vocational Education and Training, and the European Commission, November 2002.

[3] Maastricht Communiqué on the Future Priorities of Enhanced European Cooperation in Vocational Education and Training (VET), Maastricht 2004.

[4] Препорака на Европскиот Парламент и на Советот, од 18 јуни 2009 година, за воспоставување на Европски кредит трансфер систем за стручно образование и обука (ЕКВЕТ), Службен весник на Европската Унија, 8.7.2009
[5] Presidency Conclusions, Lisbon European Council, 23 and 24 March 2000
[6] Recommendation of the European Parliament and of the Council on the establishment of a European Credit System for Vocational Education and Training (ECVET), (2009/C 155/02)
[7] Службен весник на Европската Унија, 8.7.2009, p1.
[8] The Bruges Communiqué on enhanced European Cooperation in Vocational Education and Training for the period 2011-2020, Bruges 2010.
[9] The Helsinki Communiqué on Enhanced European Cooperation in Vocational Education and Training, Helsinki 2006.